Врз основа на член 24 став (1) точка 2) алинеја 1), член 24 став (2) и член 157 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 17 април 2025 година донесе

**ОДЛУКА**

**за одобрување на Мрежни правила за дистрибуција на топлинска енергија на Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје**

1. Со оваа одлука се одобруваат Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија на Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје бр. 11-54/4 од 4 април 2025 година со измени и дополнувања од страна на Регулаторната комисија за енергетика, дадени во прилог на оваа одлука.
2. Се задолжува Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје, одобрените Мрежни правила од точка 1 од оваа одлука да ги објави на својата веб страница и во „Службен весник на Република Северна Македонија“.
3. Оваа одлука се доставува до Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје.
4. Со влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за одобрување на Мрежни правила за дистрибуција на топлинска енергија за греење на Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје бр. 02-2450/1 од 14 октомври 2022 година.
5. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје врз основа член 24 став (1) точка 2) алинеја 1 член 24 став (2) и член 157 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24) е должно да изработи Мрежни правила за дистрибуција на топлинска енергија и по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), да ги објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на својата веб страница.

Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје до Регулаторната комисија за енергетика достави Мрежни правила за дистрибуција на топлинска енергија бр. 09-62 од 10.01.2025 година, заведени во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под бр.11-54/1 од 10 јануари 2025 година.

На 5 март 2025 година Регулаторната комисија за енергетика до Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје достави Забелешки за Мрежни правила за дистрибуција на топлинска на ЕСМ Дистрибуција на топлина ДООЕЛ Скопје бр.11-54/2 од 5 март 2025 година.

Дополнително беа одржани и консултативни состаноци во врска со поднесените достави Мрежни правила за дистрибуција на топлинска енергија со претставници од Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје.

Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје до Регулаторната комисија за енергетика повторно достави Мрежни правила за дистрибуција на топлинска енергија бр.03-938 од 4 април 2025 година, заведени во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под бр. 11-54/4 од 4 април 2025 година во кои беа вградени претходно доставените забелешки од Регулаторната комисија за енергетика.

Регулаторната комисија за енергетика со Решение број 02-776/1 од 9 април 2025 година свика подготвителна седница на 11 април 2025 година на која предмет на разгледување беше оваа Предлог-Одлука.

На подготвителната седница беа поканети: членовите на Регулаторната комисија за енергетика, претставници од ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје, ЕСМ Дистрибуција на топлина ДООЕЛ Скопје, ЕСМ Снабдување на топлина ДООЕЛ, АД ЕСМ – Скопје, АД ЕСМ – Подружница Енергетика Скопје, Енерџи Еколинк, ТЕ-ТО АД Скопје, Град Скопје, Министерство, рударство и минерални суровини, Министерство за финансии, Комисијата за заштита на конкуренција, Организација на потрошувачи на Северна Македонија, Совет за заштита на потрошувачите, Стопанска комора на северо-западна Македонија, Стопанска комора на Северна Македонија, и Сојуз на стопански комори на Македонија.

Регулаторната комисија за енергетика на 17 април 2025 година одржа седница на која ги одобри Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија на Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје бр. 11-54/4 од 4 април 2025 година, со измени и дополнувања од страна на Регулаторната комисија за енергетика, дадени во прилог на оваа одлука.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр. 11-54/5**

**17 април 2025 година**

**Скопје**

**Претседател**

**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад**

**на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**

Прилог: Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија на Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје бр. 11-54/4 од 4 април 2025 година со измени и дополнувања од страна на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија